

# БОРИС КУКУЊАВСКИ

## РЕТРОСПЕКТИВНА ИЗЛОЖБА НА ЦРТЕЖИ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО, ДЕКЕМВРИ 2013

Можно ли е на лимитирана дводимензионална сликарска површина да раскажете комплексна приказна со многу поединости а притоа да останете во рамките на сликарското изразување покажувајќи ја супериорноста на визуелното? Во случајот на творбите на Борис Кукуњавски одговорот е повеќе од евидентен, надополнет со многу примероци претставени како надреални метафизички простори коишто говорат за реалниот живот во вид на авторски блесок распослан на хартија, експлицит на душата на авторот кој се обидува да биде искрен и непосреден.

Специфичниот сензибилитет резултира со оригинална ликовна поетика и го прави начинот на изразување близок до набљудувачот, понекогаш разбирлив а понекогаш провокативен и шифриран. Основните изразни средства - линијата и бојата се употребени со доследност која наликува на систем со строги правила на дејствување во којшто се чувствува силниот авторски идентитет, структура и ритмичност. Ова е сликарство коешто содржи софистицирана визуелна повеќеслојност изразена преку транспарентна колористичка постапка ставена во функција на цртежот.

Темите коишто се црпат од непосредниот живот се издигнати на универзално ниво на читливост и оттука хронологијата на изработката на делата станува небитна. Она што станува важно е релацијата со гледачот којшто ја чувствува пораката поврзувајќи ги деталите - стилизираните човечки глави, артефактите, архитектурата, и другите елементи коишто треба да помогнат во декодирањето.

Ваквиот пристап го стимулира процесот на асоцијација кај конзументот којшто, пак, треба да го препознае ставот на уметникот од којшто се очекува денеска да биде свест и совест на општеството. Нудејќи ни една своја визура на стварноста, Кукуњавски нè води во еден алтернативен простор во којшто минатото, сегашноста и иднината се одвиваат инстантно, една сосема поинаква димензија на постоењето која фунционира паралелно и се движи помеѓу магливите провидни лица - сведоци на нашето постоење.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

Во пешачењето по патиштата на животот, како Диоген, барав ронки на вистинитоста на некои верувања, илусии, сновиденија... Ги сочував ронките на едно исконско верување дека лините на дланката зборуваат за животниот циклус, подеми и паѓања на човекот. Јас лично, од длабочината на срцето (”ub imo pectore”) во ова не верувам, почитувајќи го тврдењето дека човекот не верува во она што најмалку го знае. Признавам. Но, затоа, цврсто верувам во вистинитоста на линиите на цртежите на уметникот Кукуњавски, бидејќи тие не имитираат, туку толкуваат. Тие ја бараат идејата сокриена во симболот. Искрено верувам дека во Неговите цртежи живее кристализација на животот, бидејќи во нив раката, главата и срцето на авторот одат заедно. Тие ја потврдуваат мислата на Пикасо: “Јас не барам. Јас наоѓам.“ Во овој миг на општата бучава Кукуњавски во своите цртежи ја создава хармонијата, искрено откривајќи дека ја сака уметноста во себе, а не себе во уметноста. Пред цртежите на овој Сестран Човек, тука и сега ( “hic et nunc”) осознавам дека уметноста е десна рака на природата. Природата ги создава битијата, а уметноста луѓето. Се наоѓам пред делата на Уметникот кој прво ги сонува своите слики и цртежи, а потоа го слика и црта својот сон. Борис, со години, со своето човечко и уметничко творење ја потврдува мислата на Роберт Шуман: “Должноста на уметникот е да ја потврдува светлината во темнините на длабочините на човечките срца.“ Ничкум стојам пред Неговото творештво, знаејќи дека сликарството од искона не е леб на животот, но затоа е вино на животот. Ја кревам чашата во името на Добрината, Убавината и Пораките на Уметникот, со верба во зборовите на Исидора Секулиќ: “Животот е краток, но трагите од животот долго траат.“ Трагите на овој Сестран Човек се вистински, животни, човечки. Дишат. И Љубат.

Миланка Миловановиќ - Зафировска, поетеса































КАТАЛОГ

Од бр.1 до бр.10 Скици од Циклусот "балкански синдром" 1971-81
Бр.11 "Симбол на плодноста" 1983
Од бр.12 до бр.15 Циклус "Во чест на моделот" 1985
Од бр.16 до бр.20 Циклус "Тивки соништа" 1993
Од бр.21 до бр.28 Циклус "Обични луѓе" 1993
Од бр.29 до бр.40 Циклус "Луѓе и плодови" 1997
Од бр. 41 до бр. 52 Циклус "Интимни белешки I" 2001
Од бр. 53 до бр.64 Циклус "Интимни белешки II" 2005
Од бр.65 до бр.76 Циклус "Сновиденија" 2009
Од бр.77 до бр.88 Циклус "Ин пиетум" 2011
Од бр.89 до бр.100 Циклус "Сеќавања" 2013

Почитувани посетители на изложбата. Ова е ретроспективна изложба на цртежи, и за да се разгледа овој изоден пат од 40 и кусур години, треба гледањето да се почне од самиот почеток.
Тоа е малата сала со паноа, од цртежот бр.1 па така движејќи се во насока на стрелките на часовникот се доаѓа во средната сала. Потоа во втората мала сала, па во централната најголема сала и на крај во последната голема сала, право од влезот во галеријата се до бројот 100 колку што има трудови оваа ретроспективна изложба.
На изложбата можете да видите еден цртеж надвор од циклусите, сам, а тоа е бр.11 од 1983. Останатото од 99-те цртежи се десет циклуси.
Ова ќе ви помогне најточно и најпрегледно да се види и согледа изодениот пат на овој автор, пат од над 40 години работа во оваа ликовна дисциплина,

Благодарам за вашето внимание и за Вашето потрошено време.

Авторот



Борис Кукуњавски е роден во Куманово. Се образува во родниот град и во Скопје. Завршил Педагошка академија - група Ликовно образование и Факултет за ликовни уметности - Педагошки смер, оддел сликарство. Учел кај повеќе професори од кои најзначаен за неговиот развој е Димитар Кондовски. Работел како дипломиран ликовен педагог во повеќе училишта, а најмногу во О.У. "Вук Караџиќ" каде и го завршува својот работен век. Освен со педагошка работа се занимава и со сликарство, работи илустрации, дизајн, сценографија, портретна и хумор карикатура за весници и списанија и др. Работи и во литературата. Пишува поезија, раскази, есеи и радио драми. Како сликар учествува во работата на повеќе колони. Има учествувано на над 100 групни изложби во земјата и странство. Реализирал и десетина самостојни изложби на карикатури, слики и цртежи. Добитник е на повеќе награди и признанија од кои најбројни се за педагошка работа, но и за илустрација, карикатура, цртеж и сликарство. Наградуван е и за поезија, раскази и за радиодрами.

Сега е пензионер во родниот град, а живее на ул. Егејска Македонија бр.12/II-4, тел. 031/416-766, моб. 071/315-452 и e-mail: boriskukunjavski@yahoo.com

Изложбата е реализирана со помош на
"ДОМИНОС" - ДООЕЛ со
Етно ресторанот "БАБА ЦАНА" и
Кебапчилница "КОРНЕР" - Куманово

ЕТНО РЕСТОРАН
БАБА ЦАНА
031 412-003 075 484-573
КЕБАПЧИЛНИЦИ
КОРНЕР
031 425-424 075 484-570